Врз основа на член 18 од Законот за здруженија и фондации („Сл.весник на РМ” бр.52/2010, 135/2011 и 55/2016) и Одлуката за основање на Здружението на економисти, статистичари и економетричари СИГМА СТАТ Скопје, Основачкото собрание на Здружението, на седницата одржана на ден 26.02.2019 година го донесе следниов:

# С Т А Т У Т
# на
# Здружение на економисти, статистичари и економетричари СИГМА СТАТ Скопје

## Општи одредби

### Член 1

Здружението на економисти, статистичари и економетричари СИГМА СТАТ Скопје (или само Здружението во натамошниот дел од текстот) е доброволно, непрофитно, невладино, непартиско здружение на граѓани, формирано со слободно здружување на граѓаните заради остварување, заштита и усогласување на своите интереси и уверувања за унапредување на граѓанското општество и локалните заедници, како и заради вршење на дејности и активности за поттикнување на моралните вредности, зајакнување на меѓуетничките односи и економски развој на територијата на Република Северна Македонија и пошироко, а во согласност со Уставот и законите на Република Северна Македонија.

### Член 2

Здружението на економисти, статистичари и економетричари СИГМА СТАТ Скопје, дејствува на територијата на Република Северна Македонија, а се организира за подрачјето на градот Скопје. Здружението во своето дејствување може да се проширува на национално ниво и може да соработува со организации, здруженија, фондации и институции, како и да членува во асоцијации во земјата и странство согласно Уставот и законите на Република Северна Македонија и овој Статут.

Здружението своите цели, задачи и дејности ќе ги остварува во согласност со Уставот и законите на Република Северна Македонија и овој Статут.

### Член 3

Називот на здружението на граѓани е:
**Здружение на економисти, статистичари и економетричари СИГМА СТАТ Скопје**
Името на англиски јазик е:
**Association of economists, statisticians and econometricians SIGMA STAT Skopje**
Името на албански јазик е:
**Shoqata e ekonomistëve, statistikanëve dhe ekonometrikanëve SIGMA STAT Shkup**
Скратен назив на Здружението е:
**СИГМА СТАТ Скопје**

### Член 4

Седиштето на здружението е во **Скопје, на ул. 20, бр. 112 Сарај**.

### Член 5

Здружението на економисти, статистичари и економетричари СИГМА СТАТ Скопје, има својство на правно лице со права обврски и одговорности кои произлегуваат од овој Статут и законските прописи.

Здруженито го претставува и застапува Претседателот.

**Член 6**

Здружението има свој печат и штембил.

Печатот е тркалезен и го содржи името на здружението на Македонски јазик со кирилско писмо, а на средината стои логото на Здружението.

Штембилот на Здружението е правоаголен со следниот текст: Здружение на економисти, статистичари и економетричари СИГМА СТАТ Скопје, на Македонски јазик со кирилиско писмо, број, дата и место.

## Цели и задачи на Здружението

**Член 7**

Граѓаните се здружени во Здружението заради остварување на поширок заеднички интерес.

**Мисија** на Здружението на економисти, статистичари и економетричари СИГМА СТАТ Скопје е *„Зголемување на опиштествено-економскиот и социјален развој, преку подобрување на квалитетот на човечкиот капитал“*.

**Основна цел** на Здружението на економисти, статистичари и економетричари СИГМА СТАТ Скопје е *„Подигнување на нивото на образование и зголемување на квалитетот, потенцијалот и конкурентноста на работната сила, во насока на унапредување на економскиот раст и развој“*.

Основната цел на Здружението и активностите кои се преземаат во насока на нејзино остварување се непосредно поврзани и придонесуваат кон остварување и на следниве **останати цели и задачи** на Здружението:

- Промоција и унапредување на примената на статистиката и квантитативните методи во областа на бизнисот и економијата;
- Развој и имплементација на современи истражувачки и аналитички методи, активности, манифестации, проекти, програми и иницијативи во областа на статистичкото и економетриското истражување
- Промоција на научно-истражувачката дејност и развој на критичко општество;
- Зголемување на конкурентноста на младиот човек на пазарот на труд;
- Унапредување на личниот и професионален развој;
- Зголемување на економската и финансиска писменост и подигнување на нивото на финансиска инклузија на населението;
- Економија базирана на знаење;
- Зголемување на економскиот потенцијал на земјата, подобрување и зајакнување на институционалните капацитети;
- Намалување на невработеноста, поттикнување на економската активност и претприемништвото;
- Зголемување на расположливиот личен доход по глава на жител и негова рамномерна распределба, односно намалување на социо-економските разлики во општеството;
- Истакнување на значајноста и зголемување на употребата на ИКТ во контекст на остварување на основната цел и останатите цели;
- Зголемување на транспарентноста и намалување на корупцијата;
- Воспоставување на независен, транспарентен и веродостоен процес креирање и евалуација на политики, зајакнување на системот на економско планирање и подобрување на макроекономските и фискални проекции;
- Поддршка и зајакнување на младинскиот позитивен имиџ, преку позитивните примери на членовите на Здружението;
- Други цели поврзани со основната цел и останатите цели на Здружението.

**Член 8**

Своите цели и задачи Здружението ги остварува преку утврдена Програма за работа.

Програмата за работа опфаќа реализација на следниве **активности**:

- Организација на информативни и едукативни настани (обуки, семинари, работилници, конференции и сл.);
- Изработка на анализи, извештаи, мислења и други материјали;
- Поттикнување на иницијативи кај надлежните органи и институции во насока на остварување на целите на Здружението;
- Реализација на проекти и програмски активности, самостојно или во соработка со други страни;
- Активности поврзани со имплементација на програми финансирани од Буџетот на Република Северна Македонија, буџетите на единиците на локалната самоуправа и/или други извори во согласност со Законот и овој Статут, а во насока на остварување на целите на Здружението;
- Соработка со други невладини организации, фондации, асоцијации, бизнис заедницата, и остварување на меѓународна соработка;
- Развој на соработка со органите на централната и локалната власт, меѓународни институции и организации, странски амбасади и влади;
- Други активности директно и индиректно поврзани со реализација на поставените цели и задачи.

## Членување

**Член 9**

Член на Здружението на економисти, статистичари и економетричари СИГМА СТАТ Скопје може да биде секој полнолетен граѓанин, државјанин на Република Македонија и/или странец, кој доброволно ќе пристапи кон Здружението со давање на писмена изјава (Пристапница).

Формата и содржината на Пристапницата ја пропишува Извршниот одбор.

Здружението за своите членови води регистар кој се ажурира еднаш годишно. Податоците од регистарот се заштитени во согласност со прописите за заштита на личните податоци и класифицирани информации.

**Член 10**

Секој член на Здружението има права и одговорности согласно одредбите на овој Статут и другите акти на Здружението.

Членот има право да:

- Бира и биде биран во органите на Здружението;
- Учествува во работата на Здружението;
- Придонесува во развојот и промовирање на популарноста на Здружението;
- Ги изнесува своите ставови по одделни прашања;
- Доброволно да се откаже од членувањето.

Секој член на здружението плаќа годишна членарина. Одлуката за висината и начинот на плаќање на членарината ја носи Извршниот одбор на Здружението.

**Член 11**

Членовите на Здружението се должни да:

- Го почитуваат Статутот;
- Редовно да ја плаќаат членарината;
- Присуствуваат на состаноците и да земат активно учество во остварувњето на целите на Здружението;
- Ги извршуваат активностите предвидени со Програмата за работа.

**Член 12**

Членството во Здружението може да престане:

- По барање на членот на Здружението;
- Ако не го почитува Статутот и обврските кои произлегуваат од него;
- Ако дејствува против целите на Здружението;
- Ако не ја плаќа редовно членарината;

Одлука за престанок на членството во Здружението донесува Извршниот одбор на Здружението.

## Јавноста во работата

**Член 13**

Работата на Здружението на економисти, статистичари и економетричари СИГМА СТАТ Скопје е јавна.

Јавноста во работењето се обезбедува со редовно известување (на членовите, други здруженија или пошироката јавност) за работењето и активностите на Здружението, со увид во спроведувањето на програмските задачи, со поднесување извештај за работа на органите и телата на Здружението, за материјално – финансиско работење и друго.

## Финансирање на здружението

**Член 14**

Здружението остварува средства од:

- Членарина;
- Грантови, донации, доброволни прилози и сл.;
- Буџетот на Република Северна Македонија
- Буџетите на единиците на локалната самоуправа;
- Трговски друштва и други правни лица;
- Давање на услуги во согласност закон и со овој Статут;
- Други извори предвидени со Законот и Статутот.

**Член 15**

Користење и располагањето со средствата на Здружението добиени по основите од претходниот член се врши на начин утврден со овој Статут и останатите законски норми, утврдени со Финансискиот план и врз основа на валидни документи.

**Член 16**

За користење и располагање со средствата одлучуваат органите на Здружението, согласно надлежносите утврдени со овој Статут, кои преземаат мерки за економско целосообразно користење на средствата.

**Член 17**

Здружението на економисти, статистичари и економетричари СИГМА СТАТ Скопје донесува Годишен финансиски план за приходите и расходите на Здружението.

Финансискиот план ги содржи приходите кои се стекнуваат по член 14 од Статутот, како и расходите за општествената активност, плати на вработените, материјали, трошоци за работа на Здружението и други расходи сврзани со работата на Здружението. Финансискиот план може во секое време да се измени.

## Органи на Здружението

**Член 18**

Органи на Здружението на економисти, статистичари и економетричари СИГМА СТАТ Скопје се:

1. Собрание
2. Претседател
3. Извршен одбор
4. Надзорен одбор

### Собрание на здружението

**Член 19**

Собранието е највисок орган на Здружението. Собранието на Здружението на економисти, статистичари и економетричари СИГМА СТАТ Скопје го сочинуваат сите членови на Здружението.

Собранието од своите редови избира Претседател со мандат од 4 години, со можност за повторен избор.

Претседателот на Собранието истовремено е и Претседател на Здружението и Претседател на Извршниот одбор на Здружението. Тој го претставува и застапува Здружението и е наредбодавател во областа на материјалното и финансиското работење на друштвото.

Собранието се состанува по потреба, а најмалку еднаш годишно.

**Член 20**

Изборното собрание на кое се избираат Претседателот и органите на управување на Здружението се свикува на секои 4 години.

Конституирањето на органите и телата мора да се изврши 30 дена пред истекот на мандатот на членовите на органите и телата.

Поканата со материјалите за дневен ред се доставуваат најмалку 7 дена пред одржување на седницата.

**Член 21**

Седници на Собранието свикува Претседателот на Собранието.

Седници на Собранието се свикуваат на иницијатива на Претседателот на Собранието, по предлог на Извршниот одбор на Здружението или на 1/5 од вкупниот број членови на Собранието.

Седница на Собранието за работата на Извршниот одбор може да се свика и по предлог на Надзорниот одбор.

Начинот на свикување и одржување на седниците на Собранието на Здружението се определува со Деловник за работа.

**Член 22**

Собранието на Здружението на економисти, статистичари и економетричари СИГМА СТАТ Скопје од редовите на своите членови на редовни или вонредни собранија избира Извршен одбор.

**Член 23**

Собранието може полноправно да одлучува ако се присутни повеќе од 1/2 од вкупниот број членови.

Собранието одлуките ги донесува со мнозинство гласови од присутните членови.

На седниците на Собранието се одлучува со јавно гласање, но по потреба или на предлог на 1/3 од членовите гласањето може да биде и тајно.

Членовите на Собранието во секое време треба да ги имаат целите и интересите на Здружението над поединечните или посебните цели на која и да е друга страна.

**Член 24**

Собранието ги врши следните работи:

- Донесува Статут на Здружението на економисти, статистичари и економетричари СИГМА СТАТ Скопје и врши измени и дополнувања на истиот;
- Избира Претседател на Здружението;
- Избира и разрешува членови на Извршниот одбор;
- Избира и разрешува Претседател и членови на Надзорниот одбор;
- Донесува Програма за работа на Здружението;
- Усвојува Годишен извештај;
- Усвојува Годишна сметка и Финансиски план;
- Донесува Деловник за работа на Собранието;
- Одлучува за промена на целта на здружувањето;
- Одлучува за основање и укинување на ограноци и други облици на организирање на здружението;
- Одлучува за здружување или разделување од друго здружение и за зачленување во сојузи и меѓународни организации;
- Го разгледува и усвојува Извештајот за работа на Извршниот одбор помеѓу две собранија;
- Ја следи материјално финансиската состојба на Здружението помеѓу две собранија;
- Расправа за постигнатите резултати и дава насоки за натамошен развој на Здружението;
- Донесува одлуки, заклучоци и препораки за решавање на прашања од интерес на Здружението;
- Разгледува и одлучува врз основ на наодите на Надзорниот одбор;
- Одлучува за престанок на здружението со двотретинско мнозинство;
- Врши и други работи кои произлегуваат од Статутот и законите.

## Извршен обор

**Член 25**

Извршниот одбор на Здружението на економисти, статистичари и економетричари СИГМА СТАТ Скопје е извршен орган на Собранието во кој секој член има еднакви права, обврски и одговорности за работењето и развојот на Здружението во согласност со Статутот.

**Член 26**

Извршниот одбор на Здружението се состои од Претседател и шест члена.

Претседателот и членовите на Извршниот одбор ги избира Собранието од редот на своите членови, со мандат од 4 години и со можност за повторен избор.

Извршниот одбор за својата работа одговара пред Собранието на Здружението.

**Член 27**

Извршниот одбор се состанува и одржува седници по потреба.

Седница на Извршниот одбор свикува Претседателот, а предлог за свикување на седница може да поднесе и 1/2 од Извршниот одбор или 1/3 од членовите на Собранието.

Претседателот предлага дневен ред и ги раководи седниците. Во случај на негова отсутност на седницата го заменува еден од членовите на Извршниот одбор назначен од страна на Претседателот.

Начинот на свикување на седниците и работењето на Извршниот одбор се уредува со Деловник за работа.

**Член 28**

Извршниот одбор ги врши следниве работи:

- Ги подготвува седниците на Собранието;
- Го подготвува нацрт Статутот, предлага измени и дополнување на Статутот и ги подготвува другите одлуки што треба да ги донесе Собранието;
- Предлага нацрт Програма за работа на Здружението и нацрт Годишен извештај;
- Го предлага и спроведува Финансискиот план и изготвува Годишна сметка на Здружението;
- Донесува Деловник за работа на Извршниот одбор;
- Ги спроведува статутарните и програмските задачи на Здружението, политиката, заклучоците и одлуките донесени од страна на Собранието;
- Управува и одговара за управувањето со имотот на Здружението;
- Дава согласност за набавка и отуѓување на основните средства;
- Одлучува за висината и начинот на плаќање на членарината;
- Констатира прием на нови членови и престанок на членувањето;
- Подготвува Годишен извештај за својата работа;
- Формира Стручна служба и донесува акти со кои се уредува нејзиното работење
- Го именува и разрешува Секретарот и останатите членови на Стручната служба;
- Дава согласност на Правилникот за организација и работните задачи на Стручната служба на Здружението и врши контрола на нејзиното работење;
- Донесува одлуки за формирање на постојани и повремени работни тела и комисии и ја насочува нивната работа;
- Решава за формирање на ограноци на Здружението;
- Донесува соодветни правилници, прифаќа спогодби и склучува договори;
- Организира и активно учествува во спроведувањето на разни активности и манифестации (обуки, семинари, работилници, акции, настани и сл.) во согласност со Статутот и Програмата за работа на Здружението;
- Донесува одлуки за доделување на награди, пофалници и признанија и издава потврди, уверенија и сертификати;
- Донесува одлуки по приговори и жалби;
- Врши и други работи кои произлегуваат од потребите на Статутот на Здружението и од Законот.

**Надзорен одбор**

**Член 29**

Надзорниот одбор на Здружението се состои од Претседател и два члена кои се избираат од редот на надворешни лица кои не се членови на Собранието.

Претседателот и членовите на Надзорниот одбор се избираат од страна на Собранието на Здружението.

Членовите на Надзорниот одбор во исто време не можат да бидат и членови на други органи на Здружението.

Мандатот на членовите на Надзорниот одбор трае 4 години, со можност повторно да бидат избрани.

**Член 30**

Надзорниот одбор работи на седници.

Надзорниот одбор се состанува по потреба, а најмалку еднаш годишно. Седниците ги свикува Претседателот на Надзорниот одбор.

**Член 31**

Надзорниот одбор ги врши следниве работи:

- Врши надзор на правилното спроведување и примена на одредбите од Статутот и другите општи акти на Здружението;
- Врши надзор на извршувањето на одлуките на Собранието, Извршниот одбор и на другите тела на Здружението;
- Врши надзор за наменско трошење на средствата;
- Еднаш годишно поднесува извештај за направениот увид во работата;
- Предлага мерки за спречување и отстранување на неправилностите во работата;
- Врши и други работи согласно законот и актите на Здружението.

Своите наоди и одлуки Надзорниот одбор ги доставува до Собранието и Извршниот одбор на Здружението на економисти, статистичари и економетричари СИГМА СТАТ Скопје

## Стручна служба

**Член 32**

За извршување на административно стручни, помошни и на нив слични работи од заеднички интерес за остварување на задачите и целите на Здружението Извршниот одбор може да формира Стручна служба.

Организацијата и работата на Стручната служба се уредува со акти кои што ги донесува Извршниот одбор.

**Член 33**

Со Стручната служба раководи Секретар.

Секретарот ги утврдува правата, должностите и одговорностите за работа на вработените на стручната служба на Здружението.

**Член 34**

Секретар може да биде лице со завршено високо образование и со најмалку три години соодветно работно искуство.

Секретарот и останатите членови на Стручната служба може да бидат во редовен работен однос со сите права, должности и одговорности што произлегуваат од ЗРО, Статутот и актите на Здружението.

**Член 35**

Секретарот е одговорен за извршување на Финансискиот план и се грижи за извршување на одлуките и заклучоците на Извршниот одбор и Собранието на Здружението.

За својата работа Секретарот одговара пред Извршниот одбор.

Секретарот учествува во работата на Извршниот одбор без право на глас.

Секретарот има право да свика седница на Извршниот одбор доколку за тоа имаат согласност од најмалку 1/2 од членовите на Извршниот одбор.

**Член 36**

Вработените во Стручната служба не можат да бидат избрани за членови на извршните органи на Здружението.

**Член 37**

Средствата за работа на Стручната служба се определуваат со Финансискиот план секоја година, и тоа средства за плати, материјални трошоци и други тековни средства за работа на Здружението.

## Престанок на Здружението

**Член 38**

Одлука за престанок на Здружението донесува Собранието со двотретинско мнозинство.

Здружението престанува со работа во следниве случаи:

- Ако за тоа се изјаснат најмалку 2/3 од членовите на Собранието на Здружението;
- Ако бројот на членовите се намали под бројот определен со Закон за основање на здружение;
- Ако настапат причини утврдени по член 63 од Законот за здруженија и фондации.

**Член 39**

Во случај на престанок на работатата на Здружението, имотот и другите права и приходи што остануваат по намирувањето на обврските, преминуваат во сопственост на организација истоветна на Здружението.

Доколку не постои можност да се исполнат условите од претходниот став, во случај на престанување на работата на Здружението неговиот имот преминува во сопственост на Република Северна Македонија.

## Преодни и завршни одредби

**Член 40**

Толкување на одредбите на овој Статут дава Собранието на Здружението, а помеѓу две Собранија, Извршниот одбор на Здружението.

**Член 41**

Измени и дополнување на овој Статут се вршат по иста постапка како и за неговото донесување.

**Член 42**

Овој Статут влегува во сила од денот на неговото донесување, на ден 26.02.2019 година.

**Скопје, 26.02.2019 година**

**Здружение на економисти, статистичари**
**и економетричари СИГМА СТАТ Скопје**
**Претседател**

____________________________